| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Децата и екологијата |
| **Содржина на денот** | Играм, учам |
| **Возраст** | од 4-6 |
| **Воспитувач** | Мр. Сања Алексоска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговарајте со детето за значењето на секојдневната физичка активност за здравјето на телото и посочете безбедни игри во кои може да учествуваат и возрасни и деца од семејството. |
| **Активности** | Здравјето и моторичкиот развој се клучни фактори во процесот на растењето и развојот на децата и претставуваат паралелен и комплементарен процес. Особено е важен развојот на синапсите во мозокот, што директно влијае врз когнитивниот развој на детето. Во овој период децата имаат зголемена потреба од употреба на математичкиот јазик во секојдневните активности, што треба да се поддржи од страна на возрасните.<br>Денешните забавни математички активности започнете ги со играта „Твистер“ но со разни геометриски форми. Потребно ви е да подготвите хартија во боја и исечете заедно со Вашето дете триаголници, кругови, квадрати и правоаголници и поставете ги на подот. Потоа исечете круг од картон на кој ќе залепите разни геометриски форми, рачиња и ножиња и во средината како на часовник направете стрелка со два краја (или употребете спинер). Завртете ја стрелката и онаму каде што ќе застане обидете се да застанете на формите со рака или нога. Играта нуди забава и хумор, а Вашето дете ќе се развива истовремено во сите домени на развојот (слика 2,3,4,5).<br>Доколку има сеуште интерес за игра од геометриските форми на подот направете „школка“ и играјте со Вашето дете. Употребете ја коцката со |

| | |
|---|---|
| | залепени геометриски форми во боја (слика 6).<br>За детето се подеднакво важни и мирните активности со геометриски форми кои ја поттикнуваат фантазијата и креативноста. Од исечените форми детето може да составува разни форми на куќа, робот итн. Поттикнете ја фантазијата на детето со математичка приказна во која кругот, квадратот, правоаголникот и триаголникот ќе бидат главните ликови (слика 7, 8, 1). |